Американска стопанска комора
Северна Македонија

# Препораки за подобрување на законската рамка
# за професионално ангажирање на странци во Северна Македонија

Скопје, јануари 2025

Американската стопанска комора во Северна Македонија е бизнис асоцијација на над 150 членки од најразличен спектар на бизниси, од мали претпријатија и локални компании до големи странски инвеститори, кои заедно обезбедуваат вработување за повеќе од 42.000 лица и остваруваат годишен приход повисок од 9 милијарди американски долари. Американската стопанска комора служи како платформа за застапување, вмрежување, размена на знаења и споделување најдобри практики со цел заедничко креирање на подобро деловно опкружување во земјата.

Американската стопанска комора во Северна Македонија е акредитиран член на Стопанската комора на Соединетите Американски Држави и на мрежата на Американски стопански комори во Европа, организација која претставува 49 Американски стопански комори од 47 земји во Европа и Евроазија.

## Вовед

Американската стопанска комора во Северна Македонија ги поздравува заложбите на Министерството за внатрешни работи и на работната група за олеснување на постапката за професионално ангажирање на странци и надминување на предизвиците поврзани со практичната примена на Законот за странци.

Иако фокусот на предложените измени и дополнувања е насочен кон поедноставување на процедурите за добивање работни дозволи за проекти од стратешко значење за државата, што во целост го поддржуваме, веруваме дека тековниот процес претставува исклучителна можност и за разгледување на дополнителни предлози кои, исто така, ќе придонесат за понатамошно унапредување на законската рамка.

Оттука, предлагаме иницијатива за воведување на постапка за брзо издавање на дозволи за привремен престој заради вработување на странци на високи раководни позиции или на работни места за кои постои дефицит на висококвалификуван кадар. Постојниот административен товар го отежнува навременото ангажирање на овие лица, создавајќи непотребни одложувања и предизвици, како за компаниите, така и за поединците. Впрочем, со забрзување на постапката за издавање на дозволи за престој и работа на овие лица, ќе се обезбеди и усогласеност со пошироките цели на Владата за привлекување на странски директни инвестиции и поддршка на стратешките економски проекти. Дополнително, предлагаме да се поедностават постапките за ангажирање на професионални спортисти од странство.

Особено ја поздравуваме одлуката за измена на рокот за пријава на работник од странство во Агенцијата за вработување, со која се предвидува пријавувањето на почетокот на работата да се врши најдоцна во рок од 30 дена од денот на издавањето на дозволата за привремен престој за странец, наместо најдоцна во рок од 90 дена од денот на издавањето на мислењето на Агенцијата. Овој рок од 90 дена создава значителни проблеми во пракса. Покрај тоа што отвора можности за потенцијални неправилности, често доведува и до административни компликации кои што ја намалуваат транспарентноста и довербата во системот. Дополнително, подносителите на барањата често не се свесни кога започнува и

завршува рокот, што дополнително го отежнува неговото почитување, особено бидејќи исполнувањето на рокот најчесто не зависи од нив.

Сепак, би сакале да укажеме дека рок за истата обврска е уреден и во Законот за вработување и работа на странци, односно потребно е да се направат соодветни измени и во тој закон за да се обезбеди усогласеност на одредбите од двата закони. Доколку не се направи усогласување на одредбите, постои ризик да не се надминат предизвиците со кои компаниите тековно се соочуваат, што всушност е и интенцијата на овие измени.

Дополнително, би сакале да истакнеме на итноста за **решавање на проблемот со квотите на дозволи за 2025 година**. Имено, во моментов, во Министерството за внатрешни работи не се примаат барања за продолжување на привремен престој заради работа, поради тоа што сѐ уште нема донесено квота на дозволи за 2025 година од страна на Собранието на Република Северна Македонија, иако согласно Законот за вработување и работа на странци, истата се носи најдоцна до крајот на тековната година за наредната година. Се поставува прашањето што ќе се случи со оние дозволи за кои од оваа причина, ќе измине рокот за поднесување на барање за продолжување и дали истиот ќе биде продолжен поради моменталната ситуација.

Исто така, земајќи ги предвид глобалните, а и националните заложби за дигитализација на јавните услуги, укажуваме на потребата да се разгледаат можности за воведување на **дигитални алатки во процесите на добивање дозволи за престој и работа за странци,** односно дигитализација на процесот на издавање на дозвола за престој**.** На овој начин, ваквите процеси би биле потранспарентни, а нивното спроведување би било полесно и побрзо и за институциите, и за корисниците. Како добра и веќе воспоставена пракса можеме да ја посочиме дигитализацијата на овие процеси во дел од земјите во регионот.

Во продолжение споделуваме препораки чија цел е да обезбедат конструктивни насоки за воспоставување функционален механизам што ќе обезбеди ефикасност на постапките за професионално ангажирање странци.

## Предлози

### I. Воведување на брза постапка за добивање на дозвола за привремен престој и работа на странци заради вработување на високи раководни позиции и дефицитарен висококвалификуван кадар

Ефикасна постапка за добивање на дозвола за престој и работа на странци заради вработување на лица на високи раководни позиции и дефицитарен висококвалификуван кадар во компаниите би имала значително влијание за подобрување на деловното окружување во Северна Македонија.

Имено, ваквите постапките демонстрираат деловна средина која што ги следи оперативните потреби на бизнисите и ја позиционира државата како атрактивна дестинација за привлекување на странски директни инвестиции, и ја подобрува

нејзината конкурентност во регионот, што е клучна стратегиска определба за секоја влада.

Многу компании, но и меѓународни организации, ги гледаат земјите од Западен Балкан, вклучувајќи ја и Северна Македонија, како **единствен оперативен кластер**. Во овој контекст, воведувањето на можноста за брзо и ефикасно спроведување на постапките за вработување на странци на високи раководни позиции или на работни места за кои постои дефицит на висококвалификуван кадар е еден од клучните фактори за одредување на компаниите каде ќе ги поставаат своите регионални центри.

Исто така, воведување на вакво законско решение ќе има значителна улога и во однос на **поддршка на интеграцијата на Северна Македонија во Единствениот пазар на Европската Унија (ЕУ)**. Имено, вакво решение е во линија со принципите на ЕУ за мобилност на работната сила, односно слободно движење на работниците, како и за административна ефикасност, односно намалување на бирократскиот товар. На тој начин, државата ќе ја демонстрира својата посветеност за усогласување со принципите и стандардите на ЕУ, додека истовремено ги гради капацитетите за учество на единствениот пазар. Дополнително, овие лица носат глобални стратешки перспективи, добри практики, знаења и експертиза кои се веќе воспоставени стандарди во рамки на ЕУ. Односно, нивното присуство ќе овозможи пренос на знаење кое што ќе им помогне на локалните компании да се адаптираат и да усвојуваат практики и политики кои што не само што ќе ја забрзаат нивната подготвеност да бидат конкурентни на Единствениот пазар, туку и ќе им овозможи полесна интеграција во европски синџири на снабдување уште пред официјалното членство во ЕУ.

Со текот на времето, а како резултат на се поголемо присуство на мултинационални корпорации и интернационални организации, воведување на брза и ефикасна постапка за добивање на дозвола за престој и работа на странци заради вработување на лица на високи раководни позиции и дефицитарен висококвалификуван кадар **би ја позиционирало Северна Македонија како клучен центар на Балканот**, поттикнувајќи економски раст, создавање нови работни места и зголемување на нејзиното влијание во регионалните одлуки.

Воведување на можноста за брзо и ефикасно спроведување на постапките за добивање на дозвола за престој и работа на лица на високи раководни позиции и на работни места за кои постои дефицит на висококвалификувани кадар е важно за компаниите, но и други интернационални организации, од повеќе аспекти. Кај мултинационални компании и организации, процесот на селекција за високите раководни позиции се одвива преку одделенија за човечки ресурси или надворешни трети страни специјализирани за таа намена, кои функционираат надвор од границите на Северна Македонија. Овој процес вклучува темелни и строги проценки на квалификациите, искуството и лидерските способности на кандидатите. Имено, имајќи предвид дека овие позиции имаат стратешко значење за самите компании, селекцијата се извршува според највисоките стандарди. Оттука, секое одложување или дополнителни проверки поврзани со потребите на пазарот на трудот во Северна Македонија

или искористеност на квотите, не може да имаат влијание врз изборот за пополнување на соодветната позиција. Од друга страна, воведувањето на вакво решение ќе им овозможи на компаниите брзо пополнување на стратешките лидерски позиции, односно побрзо носење одлуки, што директно влијание и врз ефикасноста и ефективноста на работата.

Високи раководни позиции вклучуваат извршни позиции како извршен директор (CEO), финансиски директор (CFO), оперативен директор (COO), технолошки директор (CTO), директор за маркетинг (CMO), како и други раководители со стратешка улога во водењето на компанијата, вклучувајќи и членови на орган на управување, односно членови на надзорен одбор на трговски друштва и стручни лица кои се вработуваат со менаџерски договор.

Висококвалификуван кадар од дефицитарни струки опфаќа, на пример, експерти за сајбер-безбедност, здравствени работници, инженери, како и професори со меѓународно искуство и сертификати за спроведување на настава, итн. Поради значителниот одлив на таленти што ја засега државата, потребата за ваков кадар станува сè покритична, со директно влијание врз економскиот раст и развој.

Врз основа на претходно наведеното, го предлагаме следното:

- Постапката за добивање на дозвола за престој и работа на висококвалификуван странец заради вработување на високи раководни позиции или во дефицитарни професии да вклучува значително пократки рокови, односно до 30 дена, вклучувајќи и измена на член 75 став (2) од Законот за странци со која ќе се предвиди пократок рок за издавање на решенија за одобрување на привремен престој од Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија.
- Вработувањето на странци на високи раководни позиции да се додаде во случаите наведени во член 86 став (3), каде што е предвидено дека во тие случаи вработувањето нема да биде поврзано со пазарот на трудот. Односно, при вработување на странец на висока раководна позиција, позитивно мислење за горенаведените случаи да се издава без оглед на моменталните услови на пазарот на труд во Република Северна Македонија во поглед на дефицитарноста на работната сила.
- Да се предвиди подолг период на одобрен престој, односно траењето на дозволата за привремен престој заради вработување да биде поврзано со траењето на договорот за вработување, но најдолго до 3 години.
- Да се намалат барањата за документација предвидени во член 87 став (1) од Законот.
- Да се олесни постапката за продолжување на привремен престој, односно, документите кои се валидни и не ја промениле својата суштина од моментот на аплицирање за издавање дозвола за престој, како на пример, образложение за потребите за вработување на странецот и доказ за соодветно образование или специфична стручна оспособеност на странецот издаден од овластен орган или институција, да не се доставуваат повторно.

- Во случај на именувани раководни лица, како овластени лица кои се регистрираат во Централниот регистар на Република Северна Македонија, во однос на потребна документација да се приложува само доказ за именувањето, односно тековна состојба од Централниот регистар, без потреба од дополнително образложение на потребата на компанијата за ангажирање на странец за позицијата.
- Да се направи измена на член 107 став (1) од Законот, со која ќе се овозможи водење на паралелни постапки за одобрување на привремен престој на странци и семејно обединување за членовите на нивните семејства. Ова значително ќе ги олесни постапките за странците кои истовремено имаат потреба да го регулираат и статусот на своето семејство.

## II. Поедноставување на постапката за ангажирање професионални спортисти

Спортот е област која исто така е од клучно значење за државата. Според Законот за државјанство на Република Северна Македонија, спортот се смета за национален интерес и како една од основите за т.н. „исклучителна натурализација“. Притоа, странец кој има наполнето 18 години, може да стане државјанин, доколку тоа е од особен спортски интерес за државата и доколку неговиот прием во државјанство не ја загрозува националната безбедност и одбрана на Република Северна Македонија. И самиот Устав уредува дека Републиката ги поттикнува и помага техничката култура и спортот.

Законот за странци треба да ја следи истите принципи и да обезбеди непречено ангажирање странци во домашните спортски клубови, како и да се олесни постапката на издавање дозвола за престој и на членовите на нивните семејства. За да се постигне ова, ги предлагаме следните интервенции:

- Ангажирањето професионални спортски работници треба да биде предвидено и како една од основите за одобрување привремен престој заради работа. Дополнително, потребно е да се направи и ревидирање на одредбите кои ги уредуваат прилозите што треба да бидат доставени во постапката за добивање мислење од Агенцијата за вработување. Со овие промени, треба да се предвиди и доставување потпишан договор за дело/ангажман помеѓу работодавецот и странецот-професионален спортист согласно со прописите за облигационите односи. Исто така, во овој дел, треба да се ревидира и алинејата која се однесува на доставување доказ за соодветно образование или специфична стручна оспособеност и да се појасни дека ваков поднесок нема да се приложува при ангажирање професионални спортски работници. Алтернативно, наместо вакви измени и дополнувања, во делот од законот кој се однесува на привремен престој заради различни причини, може да се додаде посебен дел кој ќе го уредува привремениот престој за професионални спортски работници. Оваа алтернатива вклучува и потреба од уредување

на професионалното занимавање со спорт како причина за одобрување привремен престој.

- Предложеното дополнување на одредбите кои се однесуваат на условите за одобрување привремен престој треба да ги вклучува и членовите на потесното семејство на странец кој поднел барање за одобрување привремен престој заради професионално занимавање со спорт врз основа на договор за дело.
- Проширување на овластувањето за поднесување барање за одобрување привремен престој за странец за правни лица со кои странецот треба да склучи договор за дело/ангажман.